**Додаток V**

# ЦВРСТ И ТЕЧЕН ОТПАД

**Раде Кончар контактори и релеи ДОО**

**Додаток V-Барање за обнова на Б-интегрирана еколошка дозвола**

## СОДРЖИНА:

**Додаток V Прилог 1:** Скица на местоположба на времено складирање на отпадни материи...........3
**Додаток V Прилог 2:** Сателитски приказ на магацини за складирање на опасен отпад, магацин за складирање на нови и отпадни масла, магацин за складирање на амбалажа од хемиски супстанци и препарати...........................................................................................................................3
**Додаток V Прилог 3:** ПУО (2024-2027).........................................................................................5
**Додаток V Прилог 4**: Сертификат за положен стручен испит издаден од министерството за животна средина и просторно планирање...................................................................................15
**Додаток V Прилог 5**: Листа на отпад што се создава, прифаќа за повторно искористување или третира во рамките на инсталацијата...........................................................................................17
**Додаток V Прилог 6:** Склучени договори со овластени фирми за предавање на отпади.................21
**Додаток V Прилог 7:** Примери од идентификациони и транспортни формулари..............................45

**Додаток V Прилог 1:** Скица на местоположба на времено складирање на отпадни материи




**Додаток V Прилог 2:** Сателитски приказ на магацини за складирање на опасен отпад, магацин за складирање на нови и отпадни масла, магацин за складирање на амбалажа од хемиски супстанци и препарати.

(магацин за опасен отпад)




(магацин за нови и отпадни масла)



(магацин за складирање на празна амбалажа од хемиски супстанции и препарати)



**Додаток V Прилог 3:** ПУО (2024-2027)

**Раде Кончар - Контактори и релеи Д.О.О.**

# ПРОГРАМА ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ОТПАД

# 2024-2027 ГОД

Дата: 15.02.2024

| Изработила: | Проверил: | Одобрил: |
|---|---|---|
| Марија Цветковска | Ненад Јанчиќ | Велибор Ивановски |

Раде Кончар - Контактори и релеи Д.О.О.

Содржина:


1. Вовед
2. Дефиниции
3. Одговорни лица и задолженија при управувањето со отпад
4. Видови на отпад што се создаваат во рамките на инсталацијата, проценка на годишни количини и евиденција на отпад
5. Податоци за постојани и планирани организационо технички капацитети
6. Постојни и планирани технички, организациони други мерки за управување со отпадот
7. Временска рамка за спроведување на стандардите кои се однесуваат на составот и изработката на одделни производи и пакувања и нивната соодветност за повторна употреба вклучително и рециклирање
8. Мерки за заштита од штетното влијание на отпадот по животната средина, животот и здравјето на луѓето
9. Воведување на меѓународни системи за управување со животната средина ИСО 14001
10. Планирани активности за едукација и за обука на кадарот што управува со отпадот
11. Постапување во инцидентни случаеви во постапување со отпад
12. Дистрибуција на програмата за управување со отпад.

**Раде Кончар - Контактори и релеи Д.О.О.**

## 1. Вовед

Правните лица кои во вршењето на својата дејност во текот на една календарска година создаваат повеќе од 200кг. опасен отпад или создават повеќе од 100 тони неопасен отпад, донесуваат програма за управување со отпад. (член 27 од Законот за управување со отпад Сл.весник бр.216/2021).
Согласно на тоа Раде Кончар контактори и релеи Д.О.О. ја изготви обновување на програма за управување со отпад за време од 3 години и тоа 2024-2027г.

Главната цел на оваа програма е: заштита на животната средина, животот и здравјето на луѓето, остварување на целите утврдени со Националниот еколошки план, спроведување на правилен систем за управување со отпадот и основање на интегрирана национална мрежа на инсталации кои управуваат со отпад.

## 2. Дефиниции

1. Отпад е секоја материја или предмет што припаѓа во категориите на отпад од членот 25 на овој закон (ЗУО) што создавачот или поседувачот ја/го отфрла, има намера да ја/го отфрли или од него се бара да ја/го отфрли;
2. Опасен отпад е отпадот што по својот состав или концентрации на опасни супстанции може да предизвика опасност по животната средина животот и здравјето на луѓето и коишто имаат едно или повеќе опасни својства, како што се: експлозивност, реактивност(оксиданси), запаливост, надразливост, токсичност, инфективност, канцерогеност, мутагеност, токсичност за репродукција, екотоксичност и својства на испуштање отровни гасови при контакт со вода, воздух или киселина, утврдени во согласност со овој закон или друг пропис, а притоа во Листата на видовите отпад е наведен и посебно обележан како опасен отпад, вклучувајќи го и секој отпад што е измешан со опасен отпад; домаќинства) и комерцијалниот отпад.
3. Комерцијален отпад е секој друг отпад создаден од правни и физички лица при вршење на комерцијални, индустриски, занаетчиски, услужни, административни и слични дејности, кој според својата природа или според својот состав е сличен на отпадот од домаќинствата;
4. Индустриски неопасен отпад е отпадот што се создава при производствените процеси во индустријата и не содржи опасни карактеристики, а според својствата, составот и количеството се разликува од комуналниот отпад;
5. Отпадни масла се минерални, синтетички или индустриски масла, во течна или во полутечна состојба, кои станале непогодни за употребата за којашто првично биле наменети, а особено употребените масла за моторите со внатрешно согорување, маслата за менувачките кутии, како и маслата за турбини и хидрауличните масла вклучувајќи ги и масните остатоци од резервоарите, мешавини од вода и на масла и емулзии,
6. Отпаден електричен или електронска опрема е секој електричен или електронска опрема кој сопственикот и/или поседувачот го исфрла, има намера да го исфрли или од него се бара да го исфрли, вклучувајќи ги и сите делови и компоненти кои се составен дел на опремата во моментот на отфрлањето;
7. Создавач е правно или физичко лице коешто создава отпад како резултат на дејноста или активноста што ја врши (првичен создавач) и/или секое лице кое изведува операции на третман, мешање или некои други операции поради кои се менува карактерот или составот на создадениот отпад (секундарен создавач);
8. Поседувач е создавачот на отпад или правното и физичкото лице кое има отпад во свое владение;

**Раде Кончар - Контактори и релеи Д.О.О.**

9. Постапување со отпадот е собирање, селектирање, транспортирање, третман, преработка, складирање и отстранување на отпадот, вклучувајќи го и надзорот над овие операции, како и мерките за заштита на животната средина, животот и здравјето на луѓето за време на работата на објектите и на инсталациите за отстранување на отпадот и грижата за него по престанокот на нивната работа;
10. Управување со отпад е збир на активности, мерки и одлуки наменети за избегнување и намалување на количеството на создадениот отпад и неговото негативно влијание врз животната средина, животот и здравјето на луѓето, вклучувајќи го и постапувањето со отпадот;
11. Управител со отпад е лице одговорно за управување и/или постапување со отпад кај правно или физичко лице кое создава, поседува или постапува со отпад;
12. Повторна употреба на отпадот е секоја постапка или метод со кои се обезбедува отпадот да биде повторно употребен за иста цел за која што првобитно бил наменет во согласност со овој закон или друг пропис;
13. Складирање претставува времено чување на создадениот отпад во објекти коишто ги исполнуваат пропишаните услови за таа намена, за период пократок од три години, доколку складираниот отпад е наменет за третман и за преработка, или за период пократок од една година, доколку отпадот е наменет за отстранување;
14. Собирно место е место каде што се лоцирани еден или повеќе садови кои служат за собирање на отпадните маси заради нивно предавање во центар за собирање;
15. Центар за собирање значи објект или дел од објект со потребната опрема за времено складирање и сортирање на отпадните масла и други постапки поврзани со нивното предавање заради преработка или отстранување;
16. Надлежен орган за вршење на стручни работи во животната средина е органот основан со Законот за животната средина.

## 3. Одговорни лица и задолженија при управувањето со отпад

За **Управител со отпади** е назначена **Марија Цветковска**, која има положено стручен испит при Министерсво за животна средина за управител со отпади .

Задолженија на управител за отпади се:

- се грижи за реализацијата на програмата
- следи состојба во управување со отпад
- превзема активности и мерки за намалување со отпад изготвува извештаи за хаварии
- ги информира раководните органи за можното загрозување на животната средина
- е одговорен за правилното постапување со отпад

**Мешкова Надица**, раководител на одделение набава е одговорно лице за

- склучување на договори за превземање на отпади создадени во процесот на производството во Раде Кончар контактори и релеи, што ги превземат други правни лица, и
- евиденција на отпади што се продаваат или предаваат на овластени фирми.

**Раде Кончар - Контактори и релеи Д.О.О.**

| Вид на отпад | Собирање | Управување и евиденција | Одговорности |
|---|---|---|---|
| Комунален отпад што не се рециклира | Вработени лица како хигиеничари-ангажирана надворешна фирма Техночист | Мешкова Надица | Одговорени правилна селекција, навремено отстранување на комунален отпад, пополнување на формулари |
| Хартија и картон | Вработени лица како хигиеничари(Техночист) | Мешкова Надица | Се предава на фирма со договор<br>Евиденција за превземање на комуналниот отпад кој се пополнува при превземањето |
| Метален отпад | Горан Здравковски(припремно производство)<br>Спасовски Трајче(котви и јадра) | Јовчески Спасен | одговорни за селекција, привремено складирање, предавање на отпад на лица кои имаат дозвола, водење евиденција за видот и количината на генерираниот отпад и пополнување на формулари |
| Отпад создаден во одделение Галванизација | Марија Цветковска | М.Надица | Одговорна за селекција, привременио складирање, предавање на опасен отпад од одделение за површинска заштита на метали и пополнување на формулари: |
| Отпад од термопласти и дуропласти | Стојановски Александар | Билјана Петрушевска и М.Надица | Одговорни за селекција, правилно складирање, и отстранување на отпад од ова одделение. |
| Отпад од бои и разредувачи | Вработените во одделение Таблички(одделението не работи поради одземен тендер) | Елизабета Пецевска | Одговорни за правилно складирање, навремено враќање на празната амбалажа на добавувач и водење на евиденција за создадениот опасен отпад. |
| Отпадни масла, амбалажа и апсорбенти од истите | -Раководител на одржување<br><br>-Раководители на одделенија каде користи масло во производен процес | И.Илиев Мешкова Надица | води евиденција за генерирањето на отпадни масла, амбалажа и апсорбенти на масла, селекцијата, привремено складирање. |
| Отпад од искористена ИТ опрема | Лице одговорно за одржување на ИТ опрема | Горан Голиќ | се предава на овластена фирма со формулари |

## 4. Видови и количини на отпад што се создаваат во Раде Кончар-контактори и релеи

### 4.1. Видови на отпад

Согласно со **чл.21 линеа 4 став 1** од Законот за управување со отпад, Раде Кончар-контактори и релеи е должен во програмата за управување со отпад да наведе видови, извори на создавање и количини на отпад со предвидување на количество на отпад што ќе се создава во наредните три години.

**Видовите на отпад** што се создаваат во Раде Кончар контактори и релеи се класифицирани според листата на видови отпад од член 25 од Законот за управување со отпад.

Во продолжение е дадена листа на целокупниот отпад кој се создава, местото на генерирање на истиот, понатамошно постапување со секој вид на отпад, и начинот и местото на крајното одлагање.

## 5. Постојани и планирани технички мерки за намалување на создавањето на отпад

Согласно со **чл.21 линеа 4 став 2** од Законот за управување со отпад, Раде Кончар-контактори и релеи е должно да наведе постојани и планирани технички мерки за намалување на создавањето на отпад.

Раде кончар-контактори и релеи работи и се води според хиерархијата на управување со отпад, а таа се состои од следните чекори:




- редукција,
- минимализација,
- повторна употреба,
- рециклирање,
- искористување на отпадот како суровина за добивање на енергија
- депонирање.

Од горе приложеното за видовите на отпад кои се создаваат начинот на нивното управување, може да се заклучи дека депонирањето се врши само на комунален отпад. За сите други видови на отпад се врши или рециклирање, повторна употреба или предавање на други лица за понатамошен третман.

Постојани и планирани технички мерки во управувањето на отпад се состојат во тоа што сите одговорни лица се задолжени за предлагање на мерки за намалување на количеството на отпад.
Примери:

1. **Минимализација**-Намалување на отпадна вода во работилница за површинска заштита на метали од 750 на 600м$^{3}$. Ова е постигнато со максимално искристување на шаржите за одреден процес, што значи дека е намален бројот на шаржи, со тоа има помало количина на отпадна вода, се користат помалку средства за прочистување на отпадна вода и заштеда на енергија.
2. **Изработка на циркулаторен систем** на вода за ладење на машините во одделение за изработка на термо и дуропласти.
3. **Автоматизација на процесите** со што се анулиранастанувањето на шкарт делови, асо тоа се создава и помала количина на отпад.
4. **Минимализација** - Замена на веќе постоечките хемикалии со т.н еколошки или помалку штетни кои имаат помала концентрација на штетни материи и бараат помала температура за работа, што повторно значи намалување на штетноста на отпадната вода.
5. **Минимализација** -Користење на помалку штетни купатила за одредени процеси-Пр: поефикасно користење на кисели купатила во однос на цијанидните купатила.

6. **Минимализација** -Намалување или целосно запирање на процеси кои што имаат значително влијание врз животната средина. Во текот на 2021-2024 година направено е унапредување во однoст на автоматизација на процеси при што од истите е минимализиран отпадот.
7. **Редукција**-Замена на бакелит со пластика кај изолациони делови . Количината на материјал како и на создадената количина на отпад која се генерира од пластика е незначителен во однос на количината на материјал која се користи за правење на делот и количината на отпад кој се генерира ако истиот се изработи од бакелит. Отпад од бакелит има 10-15% отпад од количината на употребен материјал кој се фрла, додека отпад од пластика има 3-5% отпад кој се рециклира и од кој има само отпадна прашина. Оваа мерка е веќе спроведена.
8. **Рециклирање**-Се врши рециклирање на отпадна пластика на следниот начин: Пластиката која се собира од уливните канали и шкарт деловите се меле во мелница, при што се добива гранулат кој задолжително мора да се просее со цел да се отстрани најситната прашина која што смета во понатамошниот технолошки процес на пресување.
9. **Повторна употреба**- амбалажата од пакување на киселини се користи за повторна употреба, т.е добавувачот ги зема празните буриња, и во истите носи нова киселина. Пластичната амбалажа од водата за пиење исто така подлежи на повторна употреба, т.е добавувачот ги зема празните и ги заменува со полни канистри со вода за пиење.
10. **Мерки за намалување на отпадот од технички сектор**:
    - развој и изработка на производи од материјали кои можат да се рециклираат;
    - развој и изработка на производи со ист и подобар квалитет, но со употреба на помалку суровини-материјал и енергија;
    - развој и изработка на приозводи кои користат помала потрошувачка на електрична енергија за иста цел;
    - развој и изработка на приозводи со помали димензии и тежини, но со ист или подобар квалитет
    - развој и изработка на приозводи кои се користст во уреди кои придонесуваат за намалување на потрошувачката на електрична енергија или приозводство на енергија од обновливи извори.

## 6. Податоци за организационо-тенички капацитети

Согласно со **чл.21 линеа 4 став** *3* од Законот за управување со отпад Раде Кончар-контактори и релеи е должен во програмата за управување со отпад да наведе податоци за постојни и планирани организационо-технички капацитети.

Технички капацитети :

- Станица за третман и деконтаминација на отпадни води
- Магацин за складирање на хемикалии и отпадна амбалажа со бетонско дно



- Магацин на масла и собирно место за складирање на нови и отпадни масла со физичка бариера во средината и бетонско дно во вид на корито.



- Магацин за времено складирање на опасен отпад



**7. Временска рамка за спроведување на стандардите кои се однесуваат на составот и изработката на оддел на производи и пакувања и нивната соодветност за повторна употреба или преработка вклучително и рециклирањето**

Не е применливо.

**8. Мерки за заштита од штетното влијание на отпадот по животната средина**

Согласно со **чл.21 линеа 4 став 7** од Законот за управување со отпад и согласно системот за меназирање со околината, Раде Кончар контактори и релеи донесува годишни **цели** за менаџирање со ситемот за управување со околина и **програма** за остварување на истата со рокови и носители на активностите.

Еднаш годишно се **прави преглед на раководството** на кој се утврдува реализацијата на поставените цели и се прави запис кој се чува кај претставникот на раководството за СМО, **Цветковска Марија**.

**9. Воведување на меѓународни системи за заштита на животната средина-ИСО 14001 и други**

Раде Кончар контактори и релеи има спроведено систем за менаџирање со околината ИСО 14001.

## 9. Планирани активности за едукација и за обука на кадарот што управува со отпадот

Согласно со **чл.21 линеа 4 став 9** од Законот за управување со отпад, во Раде Кончар-контактори и релеи еднаш годишно усвојува план за обука на вработените (Прилог А-3) за системот ИСО 14001 .

Истиот се одобрува од Управителот на работната организација.

## 9. Постапување во инцидентни случаеви во постапувањето со отпад

Согласно со **чл.21 линеа 4 став 10** од Законот за управување со отпад, Раде Кончар контактори и релеи има изработено посебни процедури иупатства како безбедност и заштита при работа, така и во случај на постапување во инцидентни случаеви, и тие се следните :

**ЗС-СП-06**-Реагирање на опасност, пожар и други непогоди, во кој има регистар на потенцијални опасности од пожар, земјотрес, поплава, експлозија и излевање на опасни материи.

**РК-РУ-ГАЛ.04** -Начин на постапување во инцидентни случаи-излевање на хемиски материи.

**РК-РУ-ГАЛ.06**-Складирање на хемиски супстанции и препарати

## 10. Дистрибуција на Програма за управување со отпад

| р.б. | Име и презиме | Функција |
|---|---|---|
| 1. | Велибор Ивановски | Управител |
| 2. | Ненад Јанчиќ | Пом.Управител |
| 3. | Марија Цветковска | Раководител на одделение за површинска заштита на метали и управител на отпад |
| 4. | Игор Зафировски | Директор развој |
| 5. | Мешкова Надица | Раководител на набава |
| 6. | Горан Здравковски | Раководител на припремно производство |
| 7. | Игор Ииев | Раководител на одржување |
| 8. | Градоначалник на општина | |
| 9. | Орган на државна управа при министерството за животна средина и просторно планирање | |

**Додаток V Прилог 4**: Сертификат за положен стручен испит издаден од министерството за животна средина и просторно планирање



Република Македонија
Министерство за животна средина и просторно планирање

У В Е Р Е Н И Е

ЗА ПОЛОЖЕН СТРУЧЕН ИСПИТ ЗА ВРШЕЊЕ НА РАБОТИТЕ ЗА УПРАВУВАЊЕ И/ИЛИ ПОСТАПУВАЊЕ СО ОТПАД

*Марија Цветковска*

(име и презиме)

Роден/а на ***10.10.1978*** година во ***Берово***, на ден ***28.05.2012*** година, пред Испитната комисија на Министерството за животна средина и просторно планирање го положи стручниот испит за вршење на работите за управување и/или постапување со отпад.

Архивски број ***11-4174/5***

Скопје, ***14.08.2012 год.***

Министер

Сите да бидеме дел од ПРИРОДАТА

**ТЕХНОЛАБ доо Скопје**
**Екологија, безбедност и заштита при работа, технологија,** природа

*П. фах 827, Бул. Кузман Јосифовски Питу бр. 28/3 лок. 24, Скопје; тел/факс: 02 2 448 058, 070 384 194*
www. tehnolab.com.mk; e-mail: tehnolab@tehnolab.com.mk

# ПОТВРДА

## ЗА УЧЕСТВО ВО ОБУКА ЗА СТРУЧНО ОСПОСОБУВАЊЕ ЗА УПРАВУВАЊЕ И/ИЛИ ПОСТАПУВАЊЕ СО ОТПАД

Лицето **МАРИЈА ЦВЕТКОВСКА** со ЕМБД 1010978496503 и адреса на живеење Кеј ЈНА бр. 2 /А-8, Берово редовно ја посетуваше обуката од 31.01.2012 год. до 02.03.2012 год, во **"Т Е Х Н О Л А Б" доо Скопје** (П. фах 827, Бул. Кузман Јосифовски Питу бр. 28/3 лок. 24, Скопје) за **УПРАВУВАЊЕ И/ИЛИ ПОСТАПУВАЊЕ СО ОТПАД.**

Скопје, 11.04.2012 год.

ТЕХНОЛАБ ДОО Скопје

М. П.

Директор:
М-р Магдалена Трајковска Трпевска,
дипл. хем. инж.

**Додаток V Прилог 5**: Листа на отпад што се создава, прифаќа за повторно искористување или третира во рамките на инсталацијата

| Реден број | Вид на отпад/годишни количини | Ознака | Место на создавање | D / R | Месечна количина (т) | Годишна количина (т) | Преработка/привремено одложување | Метод и локација на крајно одложување |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Отпад од пакување на сулфурна киселина | 06 01 01* | Галванизација | R11 | | 1 буре од 10л | Привремено складирање во магацин за складирање на отпадна амбалажа од хемикалии | Повторна употреба/се полнат истите буриња |
| 2. | Отпад од пакување на хлороводородна киселина | 06 01 02* | Галванизација | R11 | | 4 буриња од 20л | Привремено складирање во магацин за складирање на отпадна амбалажа од хемикалии | Повторна употреба/се полнат истите буриња |
| 3. | Отпад од пакување на азотна киселина | 06 01 05* | Галванизација | R11 | | 1 буре од 10л | Привремено складирање во магацин за складирање на отпадна амбалажа од хемикалии | Повторна употреба/се полнат истите буриња |
| 4. | Отпад од пакување на бои(метални кантички) | 08 01 11* | Таблици и тампон принт | R13 | 0,001 | 0,01 | Привремено складирање во огнеотпорен сад или во магацин за складирање на опасни материи | Се предава на овластена фирма Аутохаус Заковски |
| 5. | Отпад од пакување на разредувач(метални шишиња) | 08 01 11* | Таблици и тампон принт | R13 | 0,001 | 0,02 | Привремено складирање во огнеотпорен сад или во магацин за складирање на опасни материи | Се предава на овластена фирма Аутохаус Заковски |
| 6. | Тонери за печатење | 08 03 18 | Административна работа | R11 | 0,001 | 0,01 | Празните тонери после собирање на одредена количина се враќаат на добавувач | Ги превзема Лума про на повторно полнење |
| 7. | Воден отпад од плакнење што содржи опасни супстанции | 11 01 11 * | Галванизација(плакнење на делови) | T | 50 | 600 | Третман на отпадна вода во пречистителна станица | Преку конечна pH контрола оди во канализација. |
| 8. | Мил и филтер погачи што содржат опасни супстанции | 11 01 09* | Галванизација | D15 | 0,0016 | 0,02 | Создадениот отпад се складира на самата локација во таложник | Во пречистителна станица/таложник |
| 9. | Киселини за декапирање (10-20% r-r) | 11 01 05* | Галванизација | T | 0,008 | 0,1 | Третман на отпадна вода во пречистителна станица | Преку конечна pH контрола оди во канализација |
| 10. | Бази за декапирање (10-20% r-r) | 11 01 07* | Галванизација | T | 0,008 | 0,1 | Третман на отпадна вода во пречистителна станица | Преку конечна pH контрола оди во канализација |
| 11. | Честички и отсечоци од | 12 01 05 | Термопласти | R3 R4 | | 0,4 | Отпадот од пластика се собира и се | Се рециклира на самата |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | термопласти | | | | | | рециклира или се предава на овластена фирма | локација или се предава на овластена фирма ДУЖС ДЕВРИМ ПОЛИМЕР ДОО експорт импорт Скопје |
| **12.** | Честички и отсечоци од дуропласти(скоро целосно заменето со пластика) | 12 01 05 | Дуропласти | D1 | | 0,5 | Отпадот се собира и се предава на овластена фирма | Се предава на овластена фирма ДУЖС ДЕВРИМ ПОЛИМЕР ДОО експорт импорт Скопје |
| **13.** | Отпад од стругање и глодање на обоени метали (алуминиум) | 12 01 03 | Припремно производство | R4 | | 1 | Отпадот се собира во посебно обележани садови и се предава на овластени фирми | Отпадот се продава на овластени откупувачи:Еко Центар 97, АСД Метал ГРУП ДОО, ЕУРОСУРОВИНА ПА ДООЕЛ, ДТУ АС Босфор ДООЕЛ |
| **14.** | Отпад од необоени метали(челик и челични легури) | 12 01 01 | Припремно производство | R4 | | 25,5 | Отпадот од челик и челични легури се собира во обележани садови, и после нивно полнење се одлага во поголем контејнер од каде се предава на овластена фирма. | Отпадот се продава на овластени откупувачи:Еко Центар 97, АСД Метал ГРУП ДОО, ЕУРОСУРОВИНА ПА ДООЕЛ, ДТУ АС Босфор ДООЕЛ . |
| **15.** | Отпад од обоени метали(бакар и месинг) | 12 01 03 | Припремно производство | R4 | | 3,53 | Отпадот од месинг и бакар се собира во обележани садови и после собирање на одредена количина се предава на овластена фирма | Отпадот се продава на овластени откупувачи:Еко Центар 97, АСД Метал ГРУП ДОО, ЕУРОСУРОВИН16А ПА ДООЕЛ, ДТУ АС Босфор ДООЕЛ |
| **16.** | Отпад од метали со посебна вредност(сребро и сребрени легури) | 12 01 03 | Припремно производство | R4 | | 0,001 | Во случај на создавање на отпад од метали со посебна вредност се заклучуваат и се предаваат на овластена фирма. | Отпадот се продава на овластени откупувачи:Еко Центар 97, АСД Метал ГРУП ДОО, ЕУРОСУРОВИНА ПА ДООЕЛ, ДТУ АС Босфор ДООЕЛ |
| **17.** | Отпад од машински масла што не содржи | 12 01 07* | Отпад од одржување на мажини | R11 | | 0,3 | Отпадните масла се собираат во сад(буре) во | Се предава на овластена фирма |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | халогени | | за обработка на метали | | | | магацин за нови и отпадни масла и постоа се предаваат на овластена фирма | Аутохаус Заковски |
| **18.** | Минерални нехлорирани хидраулични масла | 13 01 10* | Одржување | R11 | | 0,3 | Отпадните масла се собираат во сад(буре) во магацин за нови и отпадни масла и постоа се предаваат на овластена фирма | Се предава на овластена фирма Аутохаус Заковски |
| **19.** | Нехлорирани емулзии | 13 01 05* | Одржување | R11 | | 0,2 | Отпадните масла се собираат во сад(буре) во магацин за нови и отпадни масла и постоа се предаваат на овластена фирма | Се предава на овластена фирма Аутохаус Заковски |
| **20.** | Минерални нехлорирани моторни и трансмисиони масла и масла за подмачкување | 13 02 05* | Одржување | R11 | | 0,02 | Отпадните масла се собираат во сад(буре) во магацин за нови и отпадни масла и постоа се предаваат на овластена фирма | Се предава на овластена фирма Аутохаус Заковски |
| **21.** | Амбалажа од пакување на масла | 15 01 10* | Одржување | R11 | | 2буриња (метал) | Празната амбалажа од новите масла се полни со отпадно масло и се складира во магацин за нови и отпадни масла | Се предава на овластена фирма Аутохаус Заковски |
| **22.** | Крпи за бришење | 15 02 02* | Производен погон и одржување | R13 | | 0,01 | Се складираат во непропустлив сад во магацин за складирање на опасен отпад( се собираат долго време заради многу мали количини) | Се предава на овластена фирма Аутохаус Заковски |
| **23.** | Отпад од дрвена пилевина | 15 02 02* | Производен погон и одржување | R13 | | 0,01 | Се складираат во непропустлив сад во магацин за складирање на опасен отпад( се собираат долго време заради многу мали количини) | Се предава на овластена фирма Аутохаус Заковски |
| **24.** | Отпад од искористена електрична и електронска опрема | 16 02 14 | Администрација и производство | R13 | | | Отпадната електрична и електронска опрема се собира и се предава на овластена фирма | Се предава на овластена фирма Еко Центар 97 |
| **25.** | Комунален отпад | 20 03 01 | Администрација и производни погони | D1 | | 480 $m^3$ | Комуналниот отпад од обележани садови се истураат во контејнер од каде го превзема комунална хигиена | Се предава на овластена фирма Комунална хигиена Скопје и се депонира во дрисла. |
| **26.** | Хартија, картон | 20 01 01 | Администрација и | R4 | | 2 | Отпадната хартија и картон се собираат | Се предава на овластена |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | производст во | | | | во посебен контејнер за таа намена и се предаваат на овластена фирма | фирма Унитрејд 2012 дооел Скопје |

**Додаток V Прилог 6:** Склучени договори со овластени фирми за предавање на отпади.

1. Комунална хигиена

Друштво за ограничена одговорност
РАДЕ КОНЧАР-КОНТАКТОРИ И РЕЛЕИ
Бр. 0307-556
12.07. 2023 год.
СКОПЈЕ

Број 03-3000/2

Датум 12-07-2023

**АНЕКС НА ДОГОВОР**

**за вршење на услуга собирање, транспортирање и депонирање на комунален отпад бр. 03-2049 од 16.05.2017 год. кај ЈП „Комунална хигиена" – Скопје и бр. 0307-254 од 12.05.2017год. кај „ РАДЕ КОНЧАР-КОНТАКТОРИ И РЕЛЕИ Скопје" - Скопје**

Склучен на ден ________________ помеѓу

1. **ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ КОМУНАЛНА ХИГИЕНА - СКОПЈЕ**
   ул. Боро Тодоровиќ бр.2 Скопје
   ЕДБ: 4030992102919
   ЕМБС: 4528972
   Застапувано од Директор **Косана Николиќ Мазнева**
   (во понатамошниот текст: **Давател на услугите**), и

2. **Друштво за ограничена одговорност РАДЕ КОНЧАР –КОНТАКТОРИ И РЕЛЕИ Скопје**
   седиште: Бул. 3-та Македонска Бригада Бр. 54 Скопје-Аеродром, Аеродром
   објект: Бул. 3-та Македонска Бригада Бр. 54 Скопје
   даночен број:4030991187007
   депонент/жиро сметка: 300000000276971/Комерцијална Банка
   Застапувано од **Управител Велибор Ивановски**
   (во понатамошниот текст: **Корисник на услугите**)

**Член 1**

Со овој Анекс на договор се регулираат измените на Договорот за вршење на услуга собирање, транспортирање и депонирање на комунален отпад **бр. 03-2049 од 16.05.2017 год. кај ЈП „Комунална хигиена" – Скопје и бр. 0307-254 од 12.05.2017год. кај „ РАДЕ КОНЧАР-КОНТАКТОРИ И РЕЛЕИ Скопје"** – (во натамошниот текст: Договор).

**Член 2**

Во член 2 став 1 наместо: **„ Давателот на услугите на Корисникот на услугите ќе му изнајми на користење специјален сад за времено одлагање на комунален отпад со зафатнина од 5m³.** ", да стои **„ Давателот на услугите на Корисникот на услугите ќе му изнајми на користење 2(два) сада за одлагање на комунален отпад со зафатнина од 5m³.** ".

**Член 3**

Во член 3, наместо: „**Давателот на услугата ќе врши собирање и транспортирање на комуналниот отпад еднаш неделно, односно секој петок во неделата.**" Да стои „**Давателот на услугата ќе врши собирање и транспортирање на комуналниот отпад од 1(еден)сад од 5м$^3$ еднаш неделно, на другиот минимум еднаш месечно.**

**Член 4**

Сите останати одредби од Договорот остануваат непроменети.

**Член 5**

Овој Анекс на договор е изготвен во 4 (четири) еднообразни примероци, од кои по 2 (два) за секоја договорна страна.

| | |
|---|---|
| **ЈП КОМУНАЛНА ХИГИЕНА СКОПЈЕ** | **РАДЕ КОНЧАР-КОНТАКТОРИ И РЕЛЕИ СКОПЈЕ** |
| **Директор,** | **Управител,** |
| **Косана Николиќ Мазнева** | **Велибор Ивановски** |

## 2. Екоцентар 97

Друштво за собирање и примарна преработка на отпадоци
ЕКОЦЕНТАР 97 извоз-увоз ДООЕЛ
Бр. 0307/15
14 06 2017год.

Согласно Законот за управување со електрична и електронска опрема и отпадна електрична и електронска опрема (Службен весник на РМ бр.06/12 ) на ден 30.05.17 во Скопје е склучен

**ДОГОВОР**

за превземање на отпадна електронска и електрична опрема помеѓу:

1. **Друштво за собирање и примарна преработка на отпадоци извоз-увоз ЕКОЦЕНТАР 97 ДООЕЛ од Скопје,** со седиште на Ул.1632 бр.10/II Скопје, со ЕДБ:МК4030996203809 и ЕМБС:5124514 застапувано од управителот Момировски Владо, во понатамошниот текст ***Превземач***, и

2. Раде Кончар Контактори и релеи ДОО ул.3 Македонска бригада бр 54 Скопје, ЕДБ: 4030991187007, ЕМБС: 4242769, во понатамошниот текст ***Поседувач***.

Договорените страни се договорија за следното :

***Предмет на договорот***

Член 1

Согласно Законот за управување со електрична и електронска опрема и отпадна електрична и електронска опрема, предмет на овој Договор е превземање на отпадна електронска и електрична опрема која што е сопственост на ***Поседувачот***.

***Права и оберски на договорните страни***

Член 2

***Превземачот*** се обврзува да ја превземе отпадна електрична и електронска опрема од член 1 од овој Договор согласно Законот за управување со отпад и другите подзаконски акти како и спречување злоупотреба на истата.

***Превземачот*** поседува важечки дозволи, и тоа: Дозвола за складирање и третман на отпад Дозвола бр.11-2586/2 и Дозвола за собирање и транспорт на отпад со Бр.15 заведена под број 11-11256/2-2012, издадени од Министерство за животна средина и просторно планирање на РМ со важност до 2017год.

***Превземачот*** ќе ја подигне отпадната електричната и електронската опрема од седиштето на Поседувачот или од друго место назначено од страна на Поседувачот, но со присуство на назначен претставник на Поседувачот, при тоа Поседувачот да обезбеди лесен пристап и паркинг за товарното возило кое е сопственост на Превземачот.

***Превземачот*** се обврзува на Поседувачот да му издаде соодветна документација согласно законските пропис и тоа:
- транспортен формулар,
- заверен товарен лист,

- идентификационен формулар,
- кантарска белешка,
- изјава од сл.весник бр. 32 од 12-ти февруари 2012-та година

***Превземачот*** се обврзува дека отпадната електрична и електронска опрема ќе ја складира согласно законските прописи и согласно истите ќе постапи по неа.
Доколку дел од отпадната електричната и електронската опрема содржат определени информации кои се поврзани со деловното работење на Поседувачот, Превземачот се обврзува дека истите нема да бидат злоупотребени и ќе бидат трајно уништени со механички третман.

***Превземачот*** е обврзан да потпише записник составен од страна на Поседувачот каде што ќе биде отпишана отпадната електричната и електрноската опрема која ја превзема Поседувачот.

Член 3

***Поседувачот*** се обврзува да изготви записник каде што ќе биде опишана отпадната електричната и електронската опрема која ја предава на Превземачот и истата да ја потпише.

***Поседувачот*** се обврзува да назначи точна локација од каде ќе се превзема отпадната електричната и електронската опрема, доколку таа не се наоѓа во неговото седиште, воедно истата опрема да биде собрана на едно место.

***Поседувачот*** се обврзува да назначи одговорно лице кое ќе ја предаде отпадната електричната и електронската опрема на Превземачот.
Поседувачот се обврзува да ги завери и да ги потпише сите формулари наведени во чл.2 став 4.

Член 4

Отпадната електрична и електронска опрема се подготвува за превземање од страна на ***Поседувачот***, а се товари од страна на ***Превземачот***, кој обезбедува транспорт до просториите на својот склад согласно Дозволите наведени во чл.2 став 2.

Член 5

***Превземањето*** на отпадната електрична и електронска опрема ќе се одвива во рокот кој ќе биде утврден меѓу Договорните страни по пат на електронска комуникација или телефонска комуникација. Опремата ќе биде превземена само доколку уредот е комплетен т.е. не се отстранети одредени делови, освен во одредени случаи каде што доколку Поседувачот сака да зачува определен дел од електронскиот/електричниот отпад да потпише изјава дека тој дел го задржува за себе од објективни причини кои се во голема важнот за Поседувачот.

Член 6

Договорените страни се согласни дека услугата за транспорт на превземање на отпадната електрична и електронска опрема од страна на ***Превземачот*** ќе биде извршена бесплатно согласно роковите кои ќе се определат согласно начинот определен во чл.5. За отпадната електрична и електронска опрема ***Поседувачот*** нема право на побарување на надоместок.

***Важност и времетраење на договорот***

Член 7

Договорот за превземање на отпадната електрична и електронска опрема се склучува на неопределено време, а истиот влегува во сила од датумот на негово потпишување од двете страни.

Истиот овој договор подлежи на промени со потпишување на Анекси од двете страни.

***Раскинување на договорот***

Член 8

Секоја Договорна страна може да го раскине овој Договор писмено известување во отказен рок од 30 дена доколку другата страна не ги исполнува обврските.

***Важечко право и разрешување на спор***

Член 9

Во случај на спор договорните страни се согласни дека истиот ќе го решат во спогодба и спогодбено како резултат на добрата деловна соработка, но доколку истото не можат да го постигнат, надлежен е Основен суд Скопје 2 Скопје.

Член 10

Договорот се склучува во 2(два) еднообразни примероци од кои по 1(еден) за секоја договорна страна.

*За Превземач*

*Владо Момировски*

---------------------------

За *Поседувач*

---------------------------

Мешкова Надица

Раководител на набавка

Скопје, 30.05. 2017год.

3. Унитрејд 2012 дооел Скопје

Датум :

18-12-2019

# Договор за собирање и одлагање на рециклирачки отпад

склучен помеѓу

Раде Кончар контактори и релеи

и

Унитрејд 2012 ДООЕЛ - Скопје

